- вршење проверка на исправноста на фактурите доставени врз основа на склучени договори за набавка и нивна усогласеност со испратниците/работните налози и порачките;
- контрола на налозите за порачки до соодветните добавувачи согласно со склучените договори за набавки и следење на реализацијата на порачките.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон

Член 15

**Одделението за сметководство и плаќања** ги врши следните работи:
- следење и примена на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- пресметка и исплата на платите на вработените;
- подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањето на буџетот на општината;
- подготовка на основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи;
- сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства на општината;
- исплата по сметководствена документација;
- подготовка на извештај за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ) согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- изготвува упатства и прирачници за буџетска контрола и финансиско управување во консултација со единицата за внатрешна ревизија и
- подготовува решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 16

**Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци/администрирање на приходи** ги врши следните работи:

- утврдување на даноците, таксите и надоместоците кои се приход на општината;
- утврдување наплатата на данок на подарок и наследство на имот;
- утврдување на пазарна вредност на недвижностите во општината;
- водење регистар на недвижен имот;
- изготвување решенија за даночно ослободување;
- други работи врз основа на Законот за данок на имот, Законот за комунални такси и надоместоци и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи на општината.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 17

**Секторот за меѓународна соработка и локален економски развој** ги врши следните работи:

- организирање, насочување и координација на работата;
- распоредување на работите и задачите на раководителите на одделенијата;
- давање на стручна помош и совети во работењето на раководителите на одделенијата и државните службеници во секторот;
- врши соработка, посредување и размена на културни програми (меѓународна културна соработка)
- иницира и развива регионална, меѓугранична и меѓународна соработка,
- изготвува планови за локален и економски развој
- иницира утврдување на развојни и структурни елементи како и основи и мерки за водење на локална економска политика на општината.
- учествува во работата на советот и работните тела на Советот на општината.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 18

**Одделението за меѓународна соработка, изработка и апликација на проектни** ги врши следните работи:

- учествува во планирање на локално-економскиот развој;
- учествува во утврдување на приоритети и водење на локални, економски политики;
- учествува во изготвување на развојни проекти;
- потикнување на развој на претприемништвото на локално ниво и развој на МСП;
- евиденција на состојбите за постигнатите резултати;
- предлага и реализира стратегии за стратешко партнерство со странски фирми и организации и привлекување странски инвеститори.
- Ги следи активностите кои се поврзани и произлегуваат од европските процеси.

- Предлага мерки и активности за изградба на капацитетите на администрација во согласно со европското законодавство.
- Учествува и организира тркалезни маси, обуки и конференции поврзани со евроинтегративните процеси.
- Ја подготува потребната документација за аплицирање на јавни повици, конкурси и проекти кои се поврзани со европските фондови.
- Координира и реализира активниости поврзани со европските проекти во кои е вклучена Општината.
- Во зависнот од активностите кои се предвидени во тековниот проект, помага и ја координира проектната единица
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 19

**Одделението за локален економски развој и поддршка на здруженија на граѓани, фондации и неформални групи на граѓани,** ги врши следните работи:

- Изготвува анализи за дефинирање на развојните приоритети на општината;
- подготвува стратешки и развојни документи од сите сфери на надлежност на општината;
- подготвува акциони планови со програми и проекти за сите стратешки и развојни стратегии на општината;
- води сметка за усогласување на стратешките документи на општината со регионалните и националните стратегии, правила и регулативи за развој, соработува и ги вклучува сите чинители во општината во подготовката на стратешките документи.
- Подготовка на бази на податоци за потребите на стратешкото планирање и развој;
- води сметка за балансирање на потребите на економскиот развој во општината со потребите во животната средина и општествените потреби;
- работи на градење на економските капацитети на локалната економија за унапредување на нејзината економска иднина и квалитет за живот на сите нејзини чинители;
- ги вклучува јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор во креирањето на подобри услови за економски развој и генерирање на вработеност, унапредување на конкурентноста, подобрување на инвестиционата клима во општината и зголемување на одржливиот развој;
- спроведува активности кои се однесуваат на: обезбедување на инвестициона клима функционална за локалните бизниси, подршка на малите и средните претпријатија и претприемништвото, го помага и охрабрува формирањето на нови претпријатија, привлекување на домашни и странски инвеститори, инвестирање во физичката (тешка) инфраструктура;

- инвестирање во меката инфраструктура (образовен и професионален развој на работната сила, системи за институционална подршка и регулаторни прашања), подршка на растежот на одделни бизнис кластери, таргетирање на одделни делови од општината за регенерирање или растеж (територијално базирани иницијативи), подршка на неформални и новорастечки бизниси, таргетирање на одделни групи со посебни потреби.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 20

**Секторот за управни работи од областа на урбанизмот, градежништвото, градежно земјиште, и комунални работи** ги врши следните работи:

- просторно и урбанистичко планирање, издавање на одобренија за градење (за градби од трета, четврта и петта категорија) на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
- води посебен вид на управни постапки од областа на градежништвото
- следење на комунално станбената дејност утврдена со закон;
- други работи кои ќе му бидат ставени во надлежност со акт на советот и градоначалникот.
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 21

**Одделението за управни работи од областа на урбанизмот, градежништвото, станбени работи и ГИС** ги врши следните работи:

- уредување на просторот;
- спроведување на планската документација;
- стручно следење на степенот на реализација на урбанистичките планови и покренување иницијативи за нивно изменување и дополнување;
- ги следи и планира потребите за домување на подрачјето на Општина Штип, согласно Законот за домување;
- Следи и реализира прописи од областа на урбанизмот, просторното планирање, градењето и уредување на градежно земјиште и се грижи за нивна примена во општината.
- Организира и спроведува постапка за изготвување и донесување на урбанистички планови, покренува иницијатива и врши обработка на добиените иницијативи за изменување и дополнување на урбанистички планови согласно закон.
- Изготвува, следи и реализира одлуки, програми, акциони планови и други акти од надлежната област.
- Води управна постапка за издавање на одобренија за градење, реконструкција, адаптација, пренамена и друг вид на акти кои ќе произлезат од постапката согласно закон.

- Води постапка и изготвува општи и поединечни акти од неговата надлежност, изготвува изводи од урбанистички планови, врши увид на лице место. Прибавува мислења и согласности од надлежни органи.
- Изработува и и дава уверенија, потврди, мислења, известувања, одговори по барање на заинтересирани субјекти и друг вид на акти согласно закон.
- Прибавува и обработува податоци од катастарот за недвижности за потребите на општината.
- Води управна постапка и издава решенија за утврдување на легален статус на бесправни изградени објекти согласно закон.
- постапува во управни постапки од областа на урбанизмот, градежништвото и станбените работи
- предлага годишна програма и превзема мерки и активности за нејзина реализација, во согласност на Законот за домување;
- врши и други работи од негова надлежност согласно со закон.

Член 22

**Одделението за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи** ги врши следните работи:

- изготвува годишни програми за уредување на градежно земјиште;
- припрема податоци за тендерска документација за уредување на градежното земјиште;
- контрола на градежните работи при уредувањето на земјиштето;
- ја води постапката за обезбедување на потребните согласности и одобренија за уредување на градежното земјиште;
- ги врши подготвителните работи за изработка на проекти за уредување на градежното земјиште;
- отуѓува градежно земјиште по сите законски основи согласно Законот за градежно земјиште
- ги води работите околу испитување на градежното земјиште од геолошки и технички аспект;
- се грижи за реализацијата на програмата за уредување на градежното земјиште;
- пресметка за наплата на комуналниот надоместок за градба на објекти;
- изготвува Програма за располагање со градежно земјиште;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност.

Член 23

**Одделението за комунални дејности, животна средина и циркуларна економија,** ги следи состојбите што се однесуваат на:

- снабдување со вода за пиење;
- одведување на отпадните и атмосферските води;
- одржување на јавната чистота;

- уредување, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водени и рекреативни површини;
- одржување на гробишта и давање на погребни услуги;
- одржување на јавното осветлување;
- вршење на оџачарски услуги;
- одржување на користење на пазари;
- одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти;
- одржување и користење на јавниот простор за паркирање;
- отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
- јавен градски, приградски и авто-такси превоз;
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- одржување на јавни санитарни јазли;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон.

Член 24

**Секторот за дејности од јавен интерес** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува;
- изготвува одлуки и други општи и конкретни акти од надлежност на советот и градоначалникот, од областа на економскиот развој, трговијата, занаетчиството, туризмот и угостителството;
- учествува во координирање и водење на проекти од јавен интерес заради културни и спортски настани;
- овозможува услови за подршка на развојот на малите и средните претпријатија, претприемништвото, земјоделството и агроберзата;
- обезбедува документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирање на економскиот развој;
- води евиденција, регистар, примање и обработување на пријави и обрасци предвидени со закон, а во негова надлежност;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон.

Член 25

**Одделението за образование** ги врши следните работи:

- Ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, предучилишното образование, основното образование, спортот и се грижи за нивна примена во општината;
- дава предлози за распределба на средства на основните и средните училишта добиени од наменските дотации за тековно одржување и од блок дотациите;

- врши работи поврзани со основањето, престанокот, финансирањето и учеството на претставници на општината во органите на управување во предучилишните установи и основните училишта на подрачјето на општината;
- следи и врши проценка на материјално-техничките улови на основните и средните училишта на подрачјето на општината и подготвува Програма за одржување, реконструкција и изградба на истите;
- по барање на надлежното министерство, подготвува предлог за давање согласност од советот на општината за формирање паралелки со помал број ученици во средните училишта во надлежност на општината;
- подготвува предлог за прекин на воспитно-образовната работа во вонредни состојби;
- дава мислење и го подготвува предлогот за усвојување за годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма, како и за годишниот финансиски план и годишната сметка на основните и средните училишта на подрачјето на општината;
- подготвува одлука за отворање оглас за директор на основно или средно училиште и врши работи поврзани со спроведувањето на постапката за избор на директор на истите;
- предлага мерки и активности за поддршка на иницијативите за модернизација на училиштата, за подобрување на функционалните аспекти на училишните згради и нивото на опременост;
- изготвува предлог-одлуки и други прописи, програми и други акти од областа на образованието;

Член 26

**Одделението за јавни служби** ги врши следните работи:

- се грижи за обезбедување на услови за развој на квалитетен спорт во општината, за организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за општината и за изградба и одржување на спортски објекти од значење за општината;
- иницира, предлага и по потреба раководи и учествува во проекти од областа на основното образование, културата, спортот;
- организира и остварува соработка со други органи при вршењето на работите во секторот.
- Ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, социјалната заштита и заштита на децата и се грижи за нивна примена во општината;
- се грижи за остварувањето на социјалната грижа за категориите лица определени со закон, за управување, основање, финансирање и одржување на јавни установи, домови за стари лица и детски одморалишта;

- иницира, предлага и по потреба раководи и учествува во проекти од областа на социјалната, детската заштита;
- изготвува општи и поединечни акти од надлежност на Советот на општината и градоначалникот од областа на културата, спортот, социјалната, детската и здравствената заштита согласно закон;
- институционална и финансиска подршка  на културните институции, негување на фолклорот, обичаите старите занаети и слични културни вредности;
- организирањето на културни манифестации, потикнување на културното творештво;
- развој на масовен спорт, рекреација и студентски спорт;
- организирање на спортски приредби и манифестации; подршка на систем на натпревари, училишен и студентски спорт;
- реализира активности од областа на здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; надзор над заразните болести;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 27

**Секторот за архивско-административни и општи работи** ги врши следните работи:

- Водење евиденција за примени, пратени и архивирани предмети, канцелариско и архивско работење кое го опфаќа приемот, распакувањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на општината;
- водење сметка за правилно архивирање на предметите според планот за архивски знаци и листите на категории за чување на архивска граѓа;
- грижа за безбедно чување на архивскиот материјал од секакво оштетување; секретарски работи за Градоначалникот и претседателот на Советот;
- грижа за функционирање на апаратите за фотокопирање, телефоните, системот за озвучување и останатата опрема;
- комуницирање и услужување на граѓаните преку едношалтерскиот систем;
- снабдување на магацинот со потребниот канцelariски и потрошен материјал, со резервни делови за возилата, за водоводната, електричната и топлификационата мрежа, водење материјална евиденција за прием и издавање на материјалите, евиденција во врска со користењето, поправката и регистрацијата на возилата, отстранување дефекти од помал обем на водоводната, топлотната, електричната и телефонската инсталација;
- работи во врска со одржување на хигиена во просториите;

- вршење кафеготвечки работи и услужување со пијалоци за потребите на Градоначалникот и Советот и работи во врска со одржување и хортикултурното уредување на дворот на општината.
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон.

Член 28

**Одделението за информирање на граѓаните и услуги** ги врши следните работи:

- истражува и изготвува процедури за подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните,
- воведува стандарди за ефикасност, транспарентност и поквалитетно работење на општинската администрација и редовно известување на градоначалникот, раководителите на секторите и раководителите на одделенијата за постигнатите ефекти од работата на Општинскиот центар за услуги и информации;
- контакти со надворешни лица за аспекти кои се однесуваат на Општинскиот центар за услуги и информации и редовни контакти со раководителите на секторите и одделенијата и други вработени во општината за унапредување, имплементирање и утврдување на стандардни процедури за добивање квалитетни услуги и информации;
- изготвување на прирачник и предлагање на конкретни мерки за надополнување и ажурирање заради воспоставување на целосен систем за квалитет на општинската администрација;
- ги прима и информира граѓаните за прашања од надлежност на општината, градоначалникот и советот и ги упатува странките до надлежните органи во кои можат да ги остварат своите права;
- идентификација на потребата од нови услуги и информации на граѓаните;
- имплементација на услугите и информациите во соработка со соодветните сектори и одделенија и давање на информации од јавен карактер за општината по Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер;
- постојано вршење на анализа и изготвување на брошури за потребата и задоволствата на граѓаните од добиените услуги и информации.

Член 29

**Одделението за информатичко општество и комуникациска инфраструктура** ги врши следните работи:

- одржување на оперативниот систем, системот на управување со базите на податоци и апликативниот софтвер;
- спроведува мерки за безбедност и заштита на информативниот систем во општината;
- спроведува постапка за заштита на преносот на податоците;

- врши поврзување на нови корисници на компјутерско-комуникациска мрежа;
- инсталира, проверува и одржува опрема;
- обезбедува резервни делови и техничка документација;
- изготвува документација за базите на податоци;
- врши надзор и одржување на базите на податоци;
- спроведува постапка за заштита и реконструкција на базите на податоци;
- дава помош на корисниците на информативниот систем во работата со базите на податоци.
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 30

**Одделението стручно-административни работи** ги врши следните работи:

- води евиденција за примени, пратени и архивирани предмети;
- учествува во правилно архивирање на предметите;
- обезбедува чување на архивскиот материјал од оштетување;
- учествува во собирање, средување и обработување на архивски материјали;
- се грижи за употребата на печатите.
- водење евиденција за примени, пратени и архивирани предмети; собирање, средување и обработување архивски материјали;
- подготвување и обработување документација по утврдена методологија;
- следење и применување на законските прописи и општите акти за канцелариско и архивско работење.
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 31

**Одделението за општи работи** ги врши следните работи:

- се грижи за правилно користење на патничкото возило;
- се грижи за техничката исправност на возилата;
- врши превоз на деца до детски градинки, ученици до училиштата, разни спортисти и вработените за службени потреби;
- по потреба врши превоз и разнесува пошта за потребите на општинската администрација;
- врши регистрација на службеното возило;
- се грижи за хигиената на општинската зграда
- се грижи за домакинско работење
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 32

**Секторот за инспекциски работи**, ги врши следните работи:

- Следи и реализира прописи од областа на комуналната инспекција, инспекцијата за животна средина, градежната инспекција, инспекцијата за домување, просветната инспекција, финансиите и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината;
- Врши составување на записници, решенија и поднесување на пријави до надлежните државни органи при постоење на услови за истите;
- ја следи проблематиката во областите на надлежност на општината.
- врши анализа на состојбата, доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- Следење на програмите на јавнит претпријатија
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 33

**Одделение за градежна инспекција и надзор над сообраќај и патишта,** ги врши следните работи:

- следење на реализацијата на поставените задачи и работи (предмети на вработените);
- учество во одлучувањето, односно донесувањето на конкретни одлуки по предметите;
- изготвување програми за работа на одделението;
- изготување информации, извештаи и акти за советот од областа на инспекцискиот надзор;
- прием на странки;
- подготвува одговори на пристигнати барања и поведување постапки пред надлежните судови и други органи од областа на инспекцискиот надзор;
- следење на реализација на програмите на јавните претпријатија
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 34

**Одделението за инспекциски надзор за животна средина и комунална инспекција,** ги врши следните работи:

- Инспекциски надзор над примената на одредбите на законите, прописите и другите одлуки донесени од надлежност на општината, надзор над јавните претпријатија основани од Општината и над правните и физички лица на кои општината им дала дозвола за вршење на комунална дејност кои се однесуваат на комуналната хигиена,
- ги следи законските и подзаконските акти од надлежната област и истите ги применува;

- врши еколошки и инспекциски надзор во општината;
- врши проценка и превзема мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и јонизирачко и нејонизирачко зрачење.
- Составување на записници, решенија и поднесување на пријави до надлежните државни органи при постоење на услови за истите,
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината,
- врши анализа на состојбата, доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината,
- доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- води управна постапка во прв степен и донесува решенија;
- одговара на жалби во второстепена постапка; поднесува жалби во второстепена постапка;
- поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;
- врши стручна обработка на прашањата што се од значење на примената на законските одредби;
- изготвува анализи, информации и други материјали;
- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;
- врши контрола за обезбеденоста на Б интегрирани еколошки дозволи.
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 35

**Одделението друг вид надзор од надлежност на општината,** ги врши следните работи:

- врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината согласно со Законот за градење, Закон за проектирање и просторно урбанистичко проектирање, Законот за комунални такси, Законот за образование, Закон за домување и други закони;
- врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;
- изрекува со закон пропишани мерки;
- води управна постапка во прв степен и донесува решенија;
- одговара на жалби во второстепена постапка;
- поднесува жалби во второстепена постапка;
- поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;

- врши стручна обработка на прашањата што се од значење на примената на законските одредби;
- изготвува анализи, информации и други материјали;
- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 36

**Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши следните работи:

- подготвува план за работа на одделението; подготвува Одлука за организација, делокруг и начинот на извршување на работите на општинската администрација и Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација, како и за измените и дополнувањата на овие акти;
- води персонални досиеја на сите вработени во општинската администрација; ги спроведува законските и подзаконските прописи за државните службеници за вработени во општинската администрација со статус на државни службеници;
- соработува, ја реализира комуникацијата и го координира спроведувањето на законските обврски во однос на државните службеници со Агенцијата за администрација;
- го следи управувањето со ефектот на административните службеници, утврдување на планот за стручно усовршување, континуирање следење на ефектот на полугодишно интервју како и оценување и постапка на оценување на ефектот на административните службеници, подготвува годишна програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;
- ги спроведува одредбите од општите прописи за работни односи и посебни прописи со кои се регулира статусот на одредени категории вработени во општинската администрација без статус на државни службеници, во однос на нивното вработување, распоредување, плата, одмори и отсуства и другите прашања;
- изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон.

Член 37

**Одделението за внатрешна ревизија,** ги врши следните работи:

- Се грижи за стручно усовршување, обезбедува обука за внатрешните ревизори, подготвува и поднесува Годишни планови за обука до

раководителот на секторот, за нивно одобрување и обезбедува нивна имплементација;
- се грижи за работната дисциплина во одделението, и врши оценување на државните службеници во одделението;
- врши ревизија на успешноста во работењето, финансиска ревизија и ревизија на усогласенот со законите и интерните акти, во општинската администрација; изготвува Годишни планови за внатрешна ревизија во одделението, врз основа на објективна проценка на ризикот, и ги доставува до непосредно претпоставениот;
- ја одобрува Програмата за секоја поединечна ревизија;
- го организира и координира работењето на внатрешната ревизија на одделението и врши надзор на нејзиното спроведување;
- го доставува ревизорскиот извештај до раководителот на секторот;
- го следи спроведувањето на препораките од извршените ревизии и акционите планови;
- ги следи прописите, стандардите, прирачниците и упатствата кои се од значење за внатрешната ревизија и нивната практична примена;
- се грижи за спроведување на ревизорските активности и чување на документите од ревизиите;
- го известува раководителот на секторот за спроведувањето на Годишниот план за ревизија, и дава објаснување за промените во планот за ревизија;
- го информира раководителот на секторот за сомнежите за измами или корупција, кои директно можат да резултираат со дисциплинска, прекршочна или кривична постапка;
- директно го известува раководителот на секторот, за сите ревизорски прашања кај субјектот;
- ги советува сите раководни лица во субјектот од јавниот сектор, за управувањето со ризик.
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 38

**Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра**, ги врши следните работи:

- Следење и проучување на законските и другите прописи и општи акти од надлежност на одбраната, заштитата и спасување и управување со кризи;
- подготвување на општи и поединечни акти од неговата надлежност;
- подготвување на годишна акциона програма за заштита и спасување;
- подготвување на план за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на општината;

- изготвување на Методологија за подготовка за одбрана и постапка за приправност;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 39

**Одделението за поддршка на градоначалникот**, ги врши слените работи:

- организирање на контакти со јавноста;
- информирање за работата на општината;
- организирање прес конференции, средби, брифинзи и настапи на градоначалникот;
- организирање трибини, јавни расправи, работилници;
- изготвување на општински информатор;
- следење на конкурси за аплицирање на проекти;
- учество во изготвување на програми за одбележување на празници;
- доставување одговори по барани информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
- организирање, насочување и координација на работата;
- непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите на одделението;
- распоредување на работните задачите на вработените во одделението;
- давање на стручна помош на вработените на одделението;
- грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението;
- оценување на државните службеници во одделението;
- соработува со другите раководители на одделенија и сектори;
- учествува во работата на советот и работните тела на Советот на општината;
- работните задачи ги извршува согласно етичките и антикорупциските стандарди;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност согласно закон

Член 40

**Територијалната противпожарна единица** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или

попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РСМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РСМ заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на РСМ;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Штип за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна заштита;
- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи кои ќе им бидат доверени во нивна надлежност согласно закон
-

Член 41

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

IV. **Раководење**

Член 42

Со општинската администрација раководи градоначалникот на општината.

Член 43

Со сектор раководи раководител на сектор, а во негово отсуство помошник раководител.

Со одделение раководи раководител на одделение.

Со ТППЕ раководи командирот на ТППЕ.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на секторот.

Член 44

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на општината со Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација.

V. **Преодни и завршни одредби**

Член 45

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип број 08-9967/1 од 26.11.2015 година.

Член 46

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Број 08-3813/1
16 јуни 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.


Градоначалник
Сектор за правни работи
Одделение за нормативa и поддршка на Советот
Одделение за правна заштита
Сектор за јавни набавки
Одделение за спроведување на остапки за јавни набавки
Одделение за планирање, следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, координација и е-пазар
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска координација и контрола
Одделение за утврдување и наплата на даноци
Одделение за сметководство и плаќања
Сектор за меѓународна соработка и локален економски развој
Одделение за меѓународна соработка, изработка и апликација на проектни
Одделение за локален економски развој и поддршка на здруженија на граѓани, фондации и неформалните групи на граѓани
Сектор за управниработи од областа на урбанизмот, градежништво, градежно земјиште и комунални дејности
Одделение за управни работи од областа на урбанизмот, градежништво, станбените работи и ГИС
Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
Одделение за комунални дејности, животна средина и циркуларна економија
Сектор за дејности од јавен интерес
Одделение за образование
Одделение за јавни служби
Сектор за архивско-административни и општи работи
Одделение за односи со јавноста и информирање на граѓаните
Одделение за информатичко општество и комуникациска инфраструктура
Одделение за општи работи
Сектор за инспекциски работи
Одделение за градежна инспекција и надзор над сообраќај и патишта
Одделение за инспекциски надзор за животна средина и комунална инспекција
Одделение за друг вид надзор од надлежност на општината
Територијална противпожарна единица
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра
Одделение за поддршка на градоначалникот

414.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП И НА КОМИСИЈАТА ЗА СПОРТ

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип и на Комисијата за спорт.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3814/2 Општина Штип
17 јуни 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

415.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 16 јуни 2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП И НА КОМИСИЈАТА ЗА СПОРТ

1. За претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип, **се именуваат**:

**I.Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој**

За претседател:

- Владко Захариев

За членови:
- Лазо Димчов
- Душко Иванов
- Маријана Рогожарска Поповска
- Трајче Стојчевски

**II. Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина**

За претседател:
- Атанас Крстовски

За членови:
- Лазо Димчов
- Душко Иванов
- Маријана Рогожарска Поповска
- Јорданчо Тонев

**III. Комисија за социјални работи и здравство**

За претседател:
- Весна Ушинова

За членови:
- Владко Захариев
- Дејанчо Здравков
- Златка Иванова
- Александар Мишев

**IV. Комисија за култура**

За претседател:
- Јорданчо Тонев

За членови:
- Драгица Петрова
- Бети Тасевска
- Ангеле Михајловски
- Иванчо Бојаџиски

**V.Комисија за образование**

За претседател:
- Лидија Горачинова Илиева

За членови:
- Весна Ничева
- Драгица Петрова
- Билјана Тодоров

- Иванчо Бојаџиски

**VI.Комисија за статут и прописи**
За претседател:
- Душко Иванов

За членови:
- Владко Захариев
- Весна Ничева
- Маријана Рогожарска Поповска
- Дијана Шишкова Гајдарџиска

**VII.Комисија за еднакви можности**
За претседател:
- Златка Иванова

За членови:
- Бети Тасевска
- Дејанчо Здравков
- Зоран Костовски
- Ангеле Михајловски

**VIII.Комисија за права на детето**
За претседател:
- Дијана Шишкова Гајдарџиска

За членови:
- Лидија Горачинова Илиева
- Весна Ничева
- Благој Цонев
- Златка Иванова

**2.** За претседател и членови на **Комисијата за спорт, се именуваат:**
За претседател:
- Дејанчо Здравков

За членови:
- Атанас Крстовски
- Благој Цонев
- Зоран Костовски
- Трајче Стојчевски

**3.** Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението за изменување на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип и на Комисијата за спорт, број 08-1417/1 од 28.02.2022 година.

**4.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3814/1
16 јуни 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.